Република Македонија
Општина Штип
Број 08-5836/2
12.10.2018 година
Ш т и п

Врз основа на член 6 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/09 и 15/11), Комисијата за доделување на награди на ден 12.10.2018 година, распишува

К О Н К У Р С
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА 8 НОЕМВРИ
И ПРИЗНАНИЕТО 8 НОЕМВРИ ЗА 2018

- Наградата 8-ми Ноември е највисока општинска награда што ја доделува Советот на Општината Штип по повод Денот на град Штип;
- Наградата 8-ми ноември се доделува на истакнати личности и правни лица кои имаат посебни заслуги и придонес во афирмацијата и развојот на градот во петогодишниот период во областите: образование, наука, уметност, спорт, стопанство, хуманост и др.;
- Наградата 8-ми Ноември е во форма на плакета која го содржи грбот на Општина Штип;
- Признанието на Општина Штип се доделува на физички и правни лица од Општина Штип или на други граѓани како знак на општо признание за особени постигања и придонес во афирмацијата и развојот на градот во областите: стопанство, наука, уметност, образование култура, спорт, хуманост и др.;
- Признанието се доделува и по разни поводи за лични залагања и особен придонес за градот во сите области на општественото живеење во периодот од една година до објавување на Конкурсот;
- Признанието се состои од плакета;
- Право да предлагаат кандидати имаат правни и физички лица со седиште, односно живеалиште на подрачјето на Општина Штип
- Предлогот мора да е образложен, со приложена кратка биографија. Предлагачите притоа мора да приложат и полна адреса и назив на седиштето, односно името и адресата.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето. Предлозите се доставуваат до Комисијата за доделување на награди на Општина Штип, ул. „Васил Главинов“ бр.4Б или во архивата на Општина Штип.

КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ
НА ОПШТИНА ШТИП